Врз основа на член 76-а, став 2 алинеја 4 и 76-д став (1) алинеа 3 и став (3)алинеја 2, член 77-а став (1) и став (2), член 77-б, 77-г и член 77-д од Закон за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија 265/2024), в.в со Одлуката за објавување на јавен оглас бр. 04-512/3 од 13.11.2025година, Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување на даватели на јавни услуги во НУ ТКС и неговата измена и Согласноста од Министерството за финансии на Република Северна Македонија за обезбедени финансиски средства бр.19-7563/2 од 22.07.2025 и, на ден 14.11.2025година се објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС БР. 3/2025**
**ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ**

**I.Националната установа ТЕАТАР КОМЕДИЈА Скопје има потреба од вработување на 1 (едно) лице за следното работно место со назив:**

**1.Суфлер** – едно (1) лице со шифра на работно место КУЛ 03 04 Г03 010, категорија Г, стручни соработници во дејности од областа на културата за драмска дејноста, на **неопределено време**, со полно работно време, 40 работни часа неделно согласно утврдениот распоред за проби и реализација на претстави што се објавува на огласната табла на театарот.

Месечната нето плата без минат труд ќе изнесува 43.723 денари.(1.689.за овој коефициент)

**II.Кандидатот за работното место Суфлер треба да ги исполнува општите услови:**

- Да е полнолетен;
- Да има општа здравствена способност за работното место;
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејности или должност.

Покрај општите услови за пополнување на работното место **Суфлер,** кандидатот треба да ги исполни и следните посебни услови:

-Ниво на образование 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен или завршено средно уметничко/ гимназија образование.

- Работно искуство: до една година работно искуство во струка.

**III.Пријавата за вработување особено содржи:**

- Податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон), како и кратко мотивационо писмо;
- Кратка биографија;
- Изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
- Изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

**Кандидатите кон пријавата треба да приложат:**

- Уверение за државјанство;
- Диплома за завршено образование;
- Доказ за работно искуство (доколку е потребно);
- Потврда дека не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постара од 6 месеци);
- Лекарско уверение за општа здравствена состојба на кандидатот (не постаро од 6 месеци);
- Други документи наведени во точка II и III одовојОглас.

**Јавниот оглас трае 15 (петнаесет) дена од денот на објавување во дневниот печат.**
Постапката за селекција за вработувањето се состои од административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервју.
Сите документи треба да бидат доставени во оригинал, или преписи заверени на нотар.
Пријавата за јавниот оглас може да се подигне од архивата на РСМ Национална установа ТЕАТАР КОМЕДИЈА Скопје, или да се преземе од интернет страната https://teatarkomedija.mk/
Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојноста на докази ќе бидат кон тактирани за местото, времето, начинот и датумот на одржување на интервјуто.
Пријавите со потребните документи во хартиена форма да се достават до архивата на РСМ НУ ТЕАТАР КОМЕДИЈА Скопје секојработен ден од 09:00 до 14:00 часот, или на адреса: РСМ НУ ТЕАТАР КОМЕДИЈА Скопје, Бул. „Свети Климент Охридски” бр. 27, 1000 Скопје.

**Директор на НУ Театар Комедија Скопје**
**Дарко Спасов**